ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-2731/2
13.05.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-2[redacted] 13.05.2025 година, поднесено од[redacted] со седиште на ул.[redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-2731/1 од 13.05.2025 година, поднесено од[redacted] со кое се бара информација од јавен карактер:

***СОС линија* (чл. 90 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

1. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
2. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
3. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
4. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата СОС линија во 2026 и 2027 година?

***Услуга за советување* (чл. 91 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

5. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
6. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
7. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
8. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2026 и 2027 година?

**Услуга за привремен престој (чл. 92 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

9. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
10. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
11. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
12. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за *услугата за привремен престој* во 2026 и 2027 година?

***Бесплатна правна помош*** (чл. 97 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

13. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на *услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
14. Колку средства биле доделени на здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на *услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
15. Кои здруженија на граѓани и правни клиники сте ги финансирале за обезбедување на *услугата за бесплатна правна помош* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
16. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за *бесплатна правна помош* во 2026 и 2027 година?

**Финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство**

17. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
18. Колку финансиски средства биле доделени на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
19. Колкав е бројот на жртви на родово базирано и семејно насилство кои биле опфатени со овој тип на помош во 2022, 2023 и 2024? (да се наведат податоците поделени по година, и пол на жртва)
20. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство 2026 и 2027 година?

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

**Образложение**



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

**СОС Линија**

1. Општина Велес за 2022, 2023, 2024 и 2025 година нема предвидено буџетски средства за испорака на услугата С.О.С. линија за жртви на семејно насилство.

   За жртви на семејно насилство предвидени се буџетски средства во вид на еднократна парична помош за годините кои ги барате:
   2022 година – 50.000,00 денари
   2023 година – 50.000,00 денари
   2024 година – 50.000,00 денари
   2025 година – 50.000,00 денари.
2. За 2022, 2023 и 2024 година во Општина Велес нема доделено финансиски средства за даватели на услугата С.О.С. линија за жртви на семејно насилство.
3. За 2022, 2023 и 2024 година Општина Велес нема фининансирано дavател на з услугата С.О.С. линија за жртви на семејно насилство.
4. Нема направено Нацрт-Буџет за 2026 и 2027 година за услугата СОС линија.

   **Забелешка: Во однос на обезбедувањето на социјалните услуги се овозможува вклучување на здруженијата на граѓани, физички лица и приватниот сектор, но во исто време се воспоставува лиценциран систем на даватели на услуги односно провајдери, а по добивање на дозвола за работа што ја издава Министерството за социјална политика, демографија и млади може да започне со работа откако министерот со решение утврди дека се исполнети условите за почеток со работа.(Закон за социјалната заштита Сл.весник на РСМ бр.104/19 и Закон за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита Сл.весник на РСМ бр.146/19 ,275/19 302/20, 311/20,163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23).**
   **За испораката на овој вид на услуга во општината нема лиценциран провајдер.**

**Услуга за советување**

5. За услугата советување на жени жртви на родово-базирано, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во Буџетот на



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar“ No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

Општина велес за 2022 и 2023 година нема предвидено финансиски средства, за 2024 и 2025 година предвидени се финансиски средства во висина од 50.000,00 денари за 2024 година и 50.000,00 денари за 2025 година.

6. За 2022 и 2023 година нема доделено финансиски средства на давател на услугата советување на жени жртви на родово-базирано, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во Општина Велес, За 2024 година доделени се финансиски средства во висина од 50.000,00 денари за услугата советување на жени жртви на родово-базирано, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство. И за 2025 година се предвидени финансиски средства во висина од 50.000,00 денари но се уште не се исплатени.
7. Организација на жените на Општина Велес е давател на услугата советување на жени жртви на родово-базирано, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во Општина Велес и тие се финансирани во 2024 година предвидени се финансиски средства и за 2025 година но заклучно до 15 мај 2025 година не се исплатени.
8. Нацрт – Буџет за 2026 и 2027 година за услуга советување на жени жртви на семејно насилство во Општина Велес нема.

**Забелешка: Во однос на обезбедувањето на социјалните услуги се овозможува вклучување на здруженијата на граѓани, физички лица и приватниот сектор, но во исто време се воспоставува лиценциран систем на даватели на услуги односно провајдери, а по добивање на дозвола за работа што ја издава Министерството за социјална политика, демографија и млади може да започне со работа откако министерот со решение утврди дека се исполнети условите за почеток со работа.(Закон за социјалната заштита Сл.весник на РСМ бр.104/19 и Закон за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита Сл.весник на РСМ бр.146/19 ,275/19 302/20, 311/20,163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23).**

**За испораката на овој вид на услуга во општината нема лиценциран провајдер.**

**Но Организација на жените ја испорачува оваа услуга, иако се уште не се лиценцирани општината во 2024 година финансиски ја поддржа оваа услуга и за 2025 година предвидена е финансиска поддршка иако до овој момент не се лиценцирани.**

**Услуга за привремен престој**

9. За 2022, 2023, 2024 и 2025 година нема планирано финансиски средства во Буџетот за услугата привремен престој.

10.11. Нама доделено финансиски средства на давател на услугата привремен престој.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

12. Нацрт – Буџет за 2026 и 2027 година за услуга привремен престој во Општина Велес нема.

**Забелешка: Во однос на обезбедувањето на социјалните услуги се овозможува вклучување на здруженијата на граѓани, физички лица и приватниот сектор, но во исто време се воспоставува лиценциран систем на даватели на услуги односно провајдери, а по добивање на дозвола за работа што ја издава Министерството за социјална политика, демографија и млади може да започне со работа откако министерот со решение утврди дека се исполнети условите за почеток со работа.(Закон за социјалната заштита Сл.весник на РСМ бр.104/19 и Закон за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита Сл.весник на РСМ бр.146/19 ,275/19 302/20, 311/20,163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23).**

**За испораката на овој вид на услуга во општината нема лиценциран провајдер.**

**Но во Општина Велес постои Центар за жртви на семејно насилство**

**Услуга управувана/поддржана од Министерство за социјална политика демографија и млади**

**Специјализиран сервис за жртви на родово базирано насилство. По пријавата од жена дека е жртва на семејно насилство, било во полиција, било во центрите за социјална работа, таа ќе биде сместена во овој Центар, каде ќе ги има сите услови за непречен престој.**

**Бесплатна правна помош**

13.За услугата безплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејно насилство, во Општина Велес за 2022, 2023, 2024 и 2025 година нема планирано буџетски средства.

14.Нема доделено финансиски средства на здруженија на граѓани за обезбедување на услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејно насилство, за 2022, 2023, 2024 и 2025 година.

15.Нема финансираноЗдруженија на граѓани и правни клиники за обезбедување на услугата безплатна правна помош во 2022, 2023, 2024 и 20225 година.

16. Нацрт – Буџет за 2026 и 2027 година за услугата безплатна правна помош во Општина Велес нема.

**Забелешка: Во рамки на советувалиштето за психо-социјална поддршка на жртви на семејно насилство што функционира во просториите на Организација на жени на Општина Велес се испорачува овој вид на услуга.**

Финансиска помош за жртви на родово базираноі семејно насилство



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

17.За жртви на родово базирано и семејно насилство планирани се буџетски средства во вид на еднократна парична помош за годините кои ги барате:
2022 година – 50.000,00 денари
2023 година – 50.000,00 денари
2024 година – 50.000,00 денари
2025 година – 50.000,00 денари.
18 За За жртви на родово базирано и семејно насилство доделени се буџетски средства во вид на еднократна парична помош за годините кои ги барате:
2022 година – 50.000,00 денари
2023 година – 50.000,00 денари
2024 година – 10.000,00 денари

19. Број на жртви кои се финансиски поддржани по годините:
2022 година 8 жртви, 8 жени.
2023 година 8 жртви, 8 жени.
2024 година 1 жртва, 1 жена.

20. Нацрт – Буџет за 2026 и 2027 година за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство нема.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*